Институт за комуникациски студии

ВОДИЧ ЗА ОБУЧУВАЧИ

# КРЕАТИВНОСТ ПРЕКУ КРИТИЧКА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ



# КРЕАТИВНОСТ ПРЕКУ КРИТИЧКА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

## ВОДИЧ ЗА ОБУЧУВАЧИ

**Институт за комуникациски студии**
**2023**

Институт за комуникациски студии
respublica

**Наслов на публикацијата:**
Водич за обучувачи – креативност преку критичка медиумска писменост

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica

**Автори:**
проф. д-р Кирил Барбареев, вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска,
Александра Теменугова, Бојан Георгиевски

**Уредник:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Лектура:**
Симона Груевска-Маџоска

**Графички дизајн:**
Татјана Коцева

**Место и година:**
Скопје, декември 2023 година

Овој водич е создаден како дел од проектот Инклузивно и креативно медиумско образование (ICME). Главен координатор на проектот е Финскиот национален аудиовизуелен институт (KAVI), додека партнери се Институтот за комуникациски студии и Универзитетот во Фиренца од Италија. Проектот има за цел да развие оперативни модели на иновативни активности за медиумска писменост од инклузивни и креативни перспективи.

Ко-финансирано од Европска Унија

Финансирано од Европската Унија. Изразените ставови и мислења се на авторите и не секогаш ги одразуваат мислењата на Европската Унија и Европската извршна агенција за образование и култура (ЕИАОК). Ниту Европската Унија ниту ЕИАОК не ја сносат одговорноста за нив.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Водич за обучувачи | 5 |
| Вовед | 6 |
| За водичот | 7 |
| Зошто е важна оваа тема | 11 |
| Фаза 1: Вовед | 12 |
| Фаза 2: Аналитичка фаза | 20 |
| Фаза 3: Групна работа | 24 |
| Фаза 4: Рефлексија и евалуација | 29 |
| Насоки за следење на успешноста на овој модел | 34 |
| Заклучок | 35 |
| Материјали за дополнително читање | 36 |

# ВОДИЧ ЗА ОБУЧУВАЧИ: КРЕАТИВНОСТ ПРЕКУ КРИТИЧКА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Водичот за обучувачи за поттикнување креативност преку критичка медиумска писменост е наменет да биде практичен водич за секој што сака да користи модел за развивање на медиумска писменост на универзитетско ниво.

Водичот е креиран во рамки на проектот „Инклузивна и креативна медиумска писменост", предводен од Финскиот национален аудиовизуелен институт (KAVI), Универзитетот во Фиренца од Италија и Институтот за комуникациски студии.

Водичот е изработен врз основа на моделот за медиумска писменост првично конципиран и имплементиран од Универзитетот во Фиренца, со цел интегрирање на критичкото размислување и креативното изразување во областа на дигиталните медиуми, со посебен осврт на идентитетски прашања во дигиталниот простор. Земајќи ги предвид локалните културни и општествени разлики, ИКС го адаптираше овој модел за да се усогласи со македонскиот контекст, правејќи го порелевантен и повлијателен за нашата публика.

Една од највпечатливите карактеристики на овој модел за медиумска писменост е неговата разновидност. Иако е имплементиран во група студенти на додипломски студии, неговата суштина и структура овозможуваат широк опсег на адаптации. Овој водич може да се интегрира во различни формати, без разлика дали станува збор за воннаставна активност, постоечка компонента на одреден предмет или независна образовна иницијатива; овој модел нуди флексибилност за да одговара на различните образовни потреби.

Суштината на овој водич и модел лежи во неговиот пристап кон медиумската писменост. Тој не само што ги опремува учениците со вештини за критичка анализа на медиумската содржина туку и ги поттикнува да ја истражат и да ја разберат сложената динамика на претставување на идентитетот во дигиталниот свет. Со тоа се поттикнува поинклузивна и креативна дигитална средина, каде што различните гласови и перспективи не само што се слушаат туку и се разбираат и се ценат.

И покрај тоа што во овој водич фокусот е на претставувањата на идентитетот во дигиталниот свет, тој може да биде адаптиран на различни области, како што се: човекови права, родова еднаквост, животна средина, граѓанско учество и повеќе други области.

# ВОВЕД

Постојано се нагласува важноста на медиумите не само како извор на информации туку и како катализатор за граѓанско вклучување и општествени промени. Преку признавање на медиумите како алатка за активно граѓанство, општествата можат да промовираат информирано и ангажирано граѓанство. Медиумите го олеснуваат активното граѓанство на неколку начини, и тоа преку: информирање на граѓаните, олеснување на јавниот дискурс, застапување и активизам, политичко учество, градење заедница, следење на структурите на моќта, дигитален активизам, медиумска писменост.

Од суштинска важност е улогата на медиумите во образованието. Медиумите во образованието се во функција на моќна алатка за ширење информации, комуникација и учење. Моќта на медиумите во образованието се гледа во неколку различни сегменти: дисеминација на информации, глобален пристап до информации, интерактивно учење, комуникација и соработка, критичко размислување и медиумска писменост, креативност и изразување, иновативни наставни методи, професионален развој на воспитно-образовниот кадар, можност за доживотно учење, пристапност и инклузивност.

# ЗА ВОДИЧОТ

Овој водич[1] за учење има за цел да го промовира критичкото разбирање на студентите за претставувањата во дигиталните медиуми, особено претставувањата на идентитети што може да се најдат на платформата за споделување видеа на YouTube, поврзани со општествени теми како што се: климатските промени, миграциите, родовата еднаквост, глобализацијата, попреченоста, граѓанското учество, дигиталната трансформација. Исто така, има за цел да го промовира нивниот капацитет да ги илустрираат овие прашања пред избрана публика, преку создавање видеоесеи и да се подготват како идни наставници, педагози да ја развиваат свеста кај идните генерации за важноста на слободата на изразување и на придржување кон етичките стандарди на однесување во дигиталниот простор.

Основната идеја е студентите да сфатат дека медиумите не секогаш ја претставуваат реалноста, дури и кога се занимаваат со настани од вистинскиот живот, туку ја претставуваат реалноста преку избор на нејзини аспекти, пренесувајќи некои мислења наместо други.

Во примерите на активности (сценарио за учење) кои се дадени, фокусот е ставен на начинот на кој се претставуваат идентитетите во дигиталните медиуми. Наша цел е да го насочиме вниманието на студентите на гледиштето/гледиштата дадени во претставувањата по дигитален пат, обезбедувајќи алатки за тие да размислуваат за процесите на создавање значење.

1. Прирачникот е приспособен и адаптиран за потребите на студентите на наставничките факултети, но и на други факултети кои ја третираат темата за медиумска писменост. Предавањата и активностите се преземени и адаптирани од Универзитетот во Фиренца (Италија), од Школата за политички науки. Предавањата што се вклучени во прирачникот му припаѓаат на предметот Мултимодална анализа на дискурсот (6 ЕКТС). Автор на материјалите е Иларија Москини од Универзитетот во Фиренца (Италија).

## Конкретни цели кои ќе се постигнат се:

- Разбирање на односот помеѓу медиумите и реалноста и како медиумите тврдат дека ја „кажуваат вистината“ за светот
- Проблематизирање на процесот на медиумско претставување, со цел да се откријат и продискутираат прашањата за идеологијата, моќта и задоволството
- Размислување за различните луѓе и интереси вклучени во процесите на медиумско производство
- Согледување дека публиката може да биде разнолика, вклучувајќи ги и социјалните, родовите и културните разлики, дека може да реагираат на различни и непредвидливи начини и зошто тоа може да се случи
- Развивање свесност за лингвистичките и културните обичаи и начините на кои може да ги комбинирате, оспорите и срушите
- Посветување повеќе внимание и размислување за идентификување и објаснување на вашите одговори или толкувања и што ве тера да реагирате онака како што реагирате
- Покритичко проценување и поактивно користење на вашето искуство од светот и од другите (медиумски) култури
- Стекнување поголема сигурност во дискусиите за односите помеѓу медиумските текстови/практики и прашањата за социјална правда
- Изработка или преработка на медиумски текстови за да се олесни комуникацијата и дијалогот меѓу културите
- Застапување интеркултурни вредности и социјална правда преку вашите медиумски практики во вашето секојдневие

Вкупно планирани часови за сценариото за учење се - **18 часа**

**Предмет:** Образование и медиумска култура - семестар 2023/24

**Реализатор:** проф. д-р Кирил Барбареев, Факултет за образовни науки - Штип

Прирачникот е адаптиран и поделен на четири дела, секоја целина е засебна но и сите се поврзани во реализацијата и постигнувањето на вкупните цели.

Иако моделот е имплементиран во рамки на 18 часа, истиот може да биде спроведен и во помал број на часови, зависно од образовните потреби на посебните целни групи.

Со реализација на првата фаза ***ВОВЕД***, студентите ќе може да ја разберат сложената врска помеѓу медиумите и реалноста, ќе научат да ги опишуваат и да ги толкуваат медиумските претстави на реалноста, а ќе научат и да размислуваат за сопствените медиумски толкувања споредувајќи ги со оние на другите луѓе. Важно е студентите да осознаат дека медиумските претстави не се директни рефлексии на реалноста, туку се посредувани и обликувани од различни фактори како што се: изборот кој го врши самиот уредник, економските размислувања, влијанијата на културата и перспективите на креаторите на медиумите.

Низ втората фаза ***АНАЛИТИЧКА ФАЗА***, студентите ќе можат активно да се запознаат со основните поими на содржина и формална/семиотичка анализа, ќе можат да разберат како се создава значењето со користење на ресурсите за создавање значење понудени од YouTube и ќе станат свесни за тоа како се обликуваат пристрасните пораки со употреба на медиумски јазици. Преку аналитичката фаза студентите ќе развијат вештини и способности да се задржат на сегменти кои на прв поглед не се впечатливи, а кои се многу важни учесници во креирањето на пораката која се испраќа.

Со активно учество во групи, преку третата фаза ***ГРУПНА РАБОТА***, студентите ќе бидат во можност да реализираат една комплексна задача. Најпрвин студентите ќе се запознаат со жанрот видеоесеј, ќе се запознаат со основните поими на публиката и ќе ја креираат својата порака за целната публика. Преку активноста креирање видеоесеј и активноста креирање „сторибoрд“ – низа цртежи/слики што имаат за цел да го визуализираат видеото, студентите ќе се оспособат да ги креираат споменатите алатки кои ќе им бидат од корист во разни други тематски активности во текот на нивното практично работење. Со оглед на комплексноста на задачата, формирањето групи студенти за извршување на предвидената активност од третата фаза е важно поради можноста обврските да се поделат, ефикасно да се реши проблемот, студентите да ја зголемат мотивацијата преку групната работа, студентите да си даваат меѓусебна социјална и емоционална поддршка во текот на работењето, да ги користат заедничките ресурси.

Четвртата фаза ***ЗАВРШНА/ЗАКЛУЧОК*** дава можност студентите да развијат свест за сопствениот процес на учење, да се фаворизира начинот на кој студентот присвојува знаење при преносот на знаење и да се разбере процесот на оценување.

Студентите на наставните факултети, како идни стручни кадри во воспитно-образовниот процес, треба да бидат подготвени ефективно да се движат и да се вклучат во дигиталната ера. Критичката медиумска писменост ги опремува со вештини за разбирање, анализа и проучување за медиумите во ера во која информациите се изобилно достапни преку различни дигитални платформи.

Совладувањето на вештините за критичка медиумска писменост може да поттикне вештини за критичко размислување кај самите студенти. Така развивајќи ги сегашните студенти, идни учители, ќе биде од големо значење и корист да можат во иднина да ги поттикнат учениците да ги преиспитуваат и да ги анализираат медиумските пораки, промовирајќи подлабоко разбирање на содржината и на нејзините импликации.

**ФАЗА 1: ВОВЕД – 4 часа**

| |
|---|
| **Тема 1 – Претставување идентитети во дигитални средини.** Во воведната фаза, на студентите им се презентираат основните поими за претставување во дигиталната сфера, за изборот на публика, како и за основните елементи на мултимодалната анализа. |
| **Вовед –** Проблематизација на прашањата за претставување на идентитетите во дигиталните средини во однос на општествено-политичките теми (20 мин.) |
| **Активност –** Анализа на примери (40 мин.) |
| **Заклучок –** Презентација на резултатите и дискусија (20 мин.) |

**ФАЗА 2: АНАЛИТИЧКА ФАЗА – 6 часа**

| |
|---|
| **Тема 2 – Видеоанализа –** Во втората фаза, од студентите се бара да изберат и поединечно да анализираат, според однапред зададени критериуми, едно претставување на идентитети на YouTube што е поврзано со претходно споменатите теми. |
| **Вовед –** Студентите поединечно ја избираат темата и поврзаните видеа на YouTube што сакаат да ги анализираат (30 мин.). |
| **Активност –** Секој студент ги анализира видеата поврзани со прашањата на претставување (5 часа). |
| **Заклучок –** Презентација на резултатите и дискусија (30 мин.). |

**ФАЗА 3: ГРУПНА РАБОТА – 6 часа**

| |
|---|
| **Тема 3 – Правење видеоесеи –** Во третата фаза, студентите се организираат во групи, со теми што ги избрале и од нив се бара да изберат публика и да создадат видеоесеј во кој ќе го илустрираат избраното прашање за претставување пред таа публика. |
| **Вовед –** Формирање на групите врз основа на избраната тема и избраната публика (30 мин.). |
| **Активност –** Секоја група креира видеоесеј во кој на избраната публика ѝ го илустрираат општественото прашање поврзано со дигиталното претставување на идентитетите (5 часа). |
| **Заклучок –** Публикација на видеата и дискусија (30 мин.). |

**ФАЗА 4: ЗАКЛУЧОК – 2 часа**

| |
|---|
| **Тема 4 – Рефлексија и евалуација –** Сценариото за учење завршува со објавување на видеоесејот и со индивидуална рефлексија на сработеното. |
| **Вовед –** Известување за групните активности и видеоесеите (60 мин.). |
| **Активност –** Секој студент прави самооценување на работата што ја сработил/а досега (30 мин.). |
| **Заклучок –** Дискусија и конечна евалуација (30 мин.). |

# ЗОШТО Е ВАЖНА ОВАА ТЕМА ЗА ВАС КАКО ИДНИ НАСТАВНИЦИ?

*Што можам да знам?*
*Што треба да правам?*
*На што можам да се надевам?*
*Што е човекот?*

**Имануел Кант**[2] (Immanuel Kant)

Местото и улогата на медиумите во глобалната култура од почетокот на 21 век бара нов пристап кон учењето, кој треба да биде во согласност со големите медиумски и технолошки промени. Новата епоха бара способност за критичка перцепција на моќните слики на мултимедијалната култура, разбирање на нивното значење, како и развиена вештина на комуникација и продукција на медиумски пораки во новонастанатите медиумски простори.

Информирано, образовано и одговорно донесување одлуки втемелено на критичко мислење е идеал и предизвик со кои поединецот и општеството континуирано се среќаваат. Културниот контекст на современата епоха силно влијае врз појавата на медиумската писменост, како потесна област на медиумското образование, кое има суштинско значење за учеството на поединецот во општеството во 21 век.

УНЕСКО (UNESCO) во 1982 година на Меѓународниот симпозиум за медиумско образование ја издаде т.н. **Гринвалдска декларација**, која го препозна медиумското образование како клучна област во стекнувањето на универзалните политички права, имајќи го предвид тоа дека животот на луѓето во медиумски доминантниот свет е глобална реалност. Медиумите треба да ги сфатиме како ***„средства за активно учество на граѓаните во општеството“.*** Медиумското образование е суштински важно. Без разбирањето на медиумите, денес е практично невозможно да се остварат своите граѓански права.

Начинот на кој младите ги користат медиумите или на кој се претставени во нив, дали било добро или лошо, е интересна тема за проучување, бидејќи тоа покажува како медиумите ги структурираат идеите со помош на кои го разбираме светот.

Во смисла на идентитетот, младоста повеќе не им припаѓа само на младите – тоа е атрибут кои многумина го присвојуваат и тоа со помош на медиумите. Медиумите влијаат на општеството кога создаваат и шират идеи за поимот на младоста, бидејќи луѓето со помош на тие идеи размислуваат за себе и за општеството во кое живеат.

**Личноста го создава своето знаење врз основа на сопственото искуство, менталните структури и верувањата кои се користат за толкување на објектите и на настаните. Умот се користи како инструмент во толкувањата на настаните, целите и перспективите бидејќи тие се лични и индивидуални. Нашиот поглед на надворешниот свет се разликува од оној на другите поради нашите сопствени стекнати искуства.**

***„Ние не го опишуваме светот што го гледаме,***
***туку го гледаме светот што може да го опишеме.“***

2 На овие прашања Кант одговара во Критика на чистиот ум (Kritik der reinen Vernunft, 1781). Сите три прашања се фокусирани околу есенцијалното прашање: Што е човекот?

## ФАЗА 1

# ВОВЕД

| Тема 1 - Претставување идентитети во дигитални средини | | |
|---|---|---|
| **Вовед** | **Активност** | **Заклучок** |
| Проблематизација на прашањата за претставување на идентитетите во дигиталните средини во однос на општествено-политичките теми | Анализа на примери | Презентација на резултатите и дискусија |
| (20 мин.) | (40 мин.) | (20 мин.) |

## Краток опис:

Оваа фаза има за цел на студентите да им ги даде основните алатки за целата активност на истражување на претставувањата во дигиталниот свет, како на ниво на содржина така и на формално/семиотичко ниво. Започнува со барање да размислат за приказната што е раскажана во изворите на видеа на YouTube што тие ги користат за да се информираат, меѓу другото, за контекстот, учесниците, комуникацискиот опсег. Потоа продолжува со истражување на формалната/семиотичката реализација на истите видеоизвори за да се стимулира свеста кај студентите за процесите на создавање значење. Завршува со размислување за тоа како претставата на испраќачот семантички и семиотички се обликува на YouTube и како пораките се креирани за наменетата целна публика.

## Конкретни цели:

1. Да се разбере сложената врска помеѓу медиумите и реалноста
2. Да научат да ги опишуваат и толкуваат медиумските претстави на реалноста
3. Да научат да размислуваат за сопствените медиумски толкувања споредувајќи ги со оние на другите луѓе

## Евалуација:

Формативна евалуација (т.е. повратни информации обезбедени во текот на процесот)
Евалуација од колегите (на пр. меѓусебно оценување меѓу студентите)

## Техничка поддршка (Ресурси):

- Интерактивна табла (кога е можно)
- Интернет-врска
- Паметни телефони, таблети или компјутери

## Времетраење:

240 минути = 80 минути прилог 1, 80 минути прилог 2, 80 минути прилог 3

## Педагошки методи:

Професорот акцентот го става на стратегиите за поучување како што се учењето преку проекти и искуственото учење (се претставуваат клучни концепти). Работа во групи (на пр. студенти кои работат во мали групи за да постигнат заедничка цел).

Дискусија (на пр. студенти вклучени во отворена дебата на одредена тема, меѓу себе и со професорот).

Професорот дава вовед во предавањето со претставување на некои основни концепти за анализа на содржината во изворите на видеа од YouTube. По овој општ вовед, студентите во парови треба да одберат неколку извори на видеа и да ги анализираат според моделот на она што е претходно направено. Целта е да се истакнат, меѓу другото, елементи како што се: контекстот, учесниците, комуникацискиот опсег на избраните извори.

## Наставни средства и ресурси:




## *Тема 1: Прилог 1.1:*

Погледнете го видеото со наслов „Грета Тунберг со поглед го натера Доналд Трамп да го сведе погледот кога пристигна на самитот на ОН за климатски прашања“ https://www.youtube.com/watch?v=zmXOPrCr_F4

## Одговори ги следниве прашања:

| |
|---|
| Каква приказна се раскажува? |
| Кој е контекстот? |
| Кои се учесниците? |
| Кој е главниот комуникациски опсег? |
| Кој е испраќачот? |
| Дали е формално или неформално? |

| |
|---|
| До чија гледна точка се бара од гледачот да се придржува? |
| Кое е социјалното прашање што се дискутира во видеото? |
| Што кажува видеото за Грета Тунберг? |

## АКТИВНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ

Изберете видео на YouTube што зборува за Грета Тунберг и одговорете на следниве прашања (работете во парови):

| |
|---|
| Каква приказна се раскажува? |
| Кој е контекстот? |
| Кои се учесниците? |
| Кој е главниот комуникациски опсег? |
| Кој е испраќачот? |
| Дали е формално или неформално? |
| До чија гледна точка се бара од гледачот да се придржува? |
| Кое е социјалното прашање што се дискутира во видеото? |
| Што кажува видеото за Грета Тунберг? |

## *Прилог 1.2*

Разгледајте ги двете следни слики од екранот од видеото „Грета Тунберг со поглед го натера Доналд Трамп да го сведе погледот кога пристигна на самитот на ОН за климатски прашања“ https://www.youtube.com/watch?v=zmXOPrCr_F4




*Слика од екран (скриншот) 1*

*Како е визуелно конструирана сликата на Грета? Каков однос се создава со гледачите?*

*За да одговорите на прашањата, размислете и опишете го распоредот на сликата, погледот на претставениот учесник, аголот на камерата што се користи и видот на снимката.*




*Слика од екранот 2*

**ЗАДАЧА ЗА СТУДЕНТИТЕ – (Разбери и анализирај):**

**Како е визуелно конструирана сликата на Грета?**
**Каков однос се создава со гледачите?**

За да одговорите на прашањата, размислете и опишете го распоредот на сликата, погледот на претставениот учесник, аголот на камерата што се користи и видот на снимката.

СПОРЕДЕТЕ ја сликата од екранот 1 СО МИМОТ ПОДОЛУ Опишете кои се сличностите на ниво на содржина и оние на формално/визуелно ниво




## АКТИВНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ

### ЧЕКОР 1

Навратете се на видеото што го избравте за време на претходната активност, изберете ја сликата од екранот што најдобро ја претставува пораката поврзана со Грета што ја пренесува видеото.

### ЧЕКОР 2

Одговори ги следниве прашања:

- Како визуелно е конструирана сликата на Грета?
- Каков однос се создава со гледачите?

За да одговорите на прашањата, размислете и опишете го распоредот на сликата, погледот на претставениот учесник, аголот на камерата што се користи и видот на снимката.

### ЧЕКОР 3

Работејќи во парови, споредете ги сликите што сте ги избрале во однос на содржината и на формалната визуелна организација.

## *Прилог 1.3*






Направете листа на елементите (на пр. профилна слика, контекстуализирање на пораката, линкови...) на сликите погоре кои ја обликуваат претставата на испраќачот на пораката. (https://www.youtube.com/watch?v=zmXOPrCr_F4)

Одговори ги следниве прашања:

- Како е контекстуализирано видеото на визуелно, лингвистичко и концептуално ниво?
- Која е целната публика?

## АКТИВНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ

### ЧЕКОР 1

Вратете се на видеото што го избравте за време на претходната активност. Направете скриншот на страницата на YouTube на видеото и направете листа на елементите (на пр. профилната, пораката со која се одредува контекстот, линковите...) во вашата снимка од екранот (скриншот) што ја опишуваат и ја дефинираат сликата на испраќачот на пораката.

### ЧЕКОР 2

Одговори ги следниве прашања:

- Како видеото што го избравте е контекстуализирано на визуелно, лингвистичко и концептуално ниво?
- Која е целната публика?

### ЧЕКОР 3

Работејќи во парови, изберете целна публика и напишете краток текст (максимум 100 зборови) во кој ќе им го објасните главното прашање на видеото што сте го избрале. Прочитајте го текстот што студентот со кој сте во пар го напишал и дискутирајте за стратегиите што се користат за адаптирање на пораката за публиката.

ФАЗА 2

# АНАЛИТИЧКА ФАЗА

**Тема 2 - Видеоанализа**

| Вовед | Активност | Заклучок |
|---|---|---|
| Студентите поединечно ја избираат темата и поврзаните видеа на YouTube што сакаат да ги анализираат | Секој студент ги анализира видеата поврзани со прашањата на претставување | Презентација на резултатите и дискусија |
| (30 мин.) | (4 часа) | (30 мин.) |

## Краток опис:

Оваа фаза се фокусира на длабинска анализа на видеата на YouTube по ниven избор, што студентите поединечно ги изведуваат врз основа на поимите истражени во првата единица и користејќи ги наставните ресурси што им се дадени. Нивната работа е постојано надгледувана од страна на професорот, кој нуди повратни информации во текот на процесот. Фазата завршува со презентации и дискусија за анализите на студентите пред нивните врсници.

## Конкретни цели:

1. Активно да се запознаат со основните поими на содржина и формална/семиотичка анализа
2. Да се разбере како се создава значењето со користење на ресурсите за создавање значење понудени од YouTube
3. Да станат свесни за тоа како се обликуваат пристрасните пораки со употреба на медиумски јазици

## Евалуација:

Формативна евалуација (т.е. повратни информации обезбедени во текот на процесот)
Евалуација од колегите (на пр. меѓусебно оценување меѓу студентите)

## Техничка поддршка (Ресурси):

- Интерактивна табла (кога е можно)
- Интернет-врска
- Паметни телефони, таблети или компјутери

## Евалуација:

- 6 часа

## Педагошки методи:

Професорот ги објаснува деталите за активноста и клучните концепти што таа ги вклучува, потоа студентите треба да изберат видео на YouTube во кое се претставени идентитети кои се занимаваат со социјални теми како климатски промени, миграции, родова еднаквост, глобализација, попреченост, граѓанско учество, дигитална трансформација.

Се применува **искуствено учење** засновано на **индивидуалната работа** на студентите (на пр. студент кој работи на анализа на медиумите) и **дискусија** (на пр. студенти вклучени во отворена дебата на одредена тема). Потоа од студентите се бара индивидуално да го анализираат видеото според критериумите што им се дадени во наставните ресурси. На крајот студентите ги споделуваат и ги дискутираат нивните резултати со класот.

## Наставни средства и ресурси:

- Тема 2: Прилог 2.1:
- Алатка за рефлексија (Прилог 2.1)
- Матрица за мултимодална анализа на медиуми (Прилог 2.2)

## *Прилог 2.1 – Алатка за рефлексија 1*

| | | |
|---|---|---|
| **Дел 1 – Генерални информации** | | |
| 1.1 | Наслов на видеото / URL / датум кога е објавено | |
| 1.2 | Каков текст има? | |
| 1.3 | Кој е испраќачот? | |
| 1.4 | Анализирајте го профилот на испраќачот (име и профилна слика) | |
| 1.5 | Кој е главниот комуникациски опсег? | |
| 1.6 | Која е главната целна публика? | |
| 1.7 | Кои се главните претставени учесници? | |
| 1.8 | Има ли порака за контекстуализација? | |
| 1.9 | Дали пораката за контекстуализација е формална или неформална? | |
| 1.10 | Дали може да се остави коментар? (Дали е овозможена опцијата?) | |
| **Дел 2 – Анализа на видеото** | | |
| 2.1 | Претставување: За што е видеото? | |
| 2.2 | Ориентација: Како се позиционирани ликовите и гледачите? | |
| 2.3 | Организација: Како е структуриран филмскиот текст? | |

## *Прилог 2.1 – Алатка за рефлексија 1*

| **ОПИС НА КАТЕГОРИИТЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Фаза | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Должина | | | | | |
| Слики | | | | | |
| Ангажман (побарување/понуда) | | | | | |
| Социјална дистанца | | | | | |
| Однос на моќ | | | | | |
| Метонимиско претставување | | | | | |
| Визуелни ефекти | | | | | |
| Преодни рамки | | | | | |

| |
|---|
| Надреден текст |
| Стихови |
| Говор |
| Музика |
| Амбиентален звук |
| Звучна перспектива |
| Проминентност |
| Интерсемиотски однос/и |

ФАЗА 3

# ГРУПНА РАБОТА

| Тема 3 – Правење видеоесеи | | |
|---|---|---|
| **Вовед** | **Активност** | **Заклучок** |
| Формирање на групите врз основа на избраната тема и избраната публика | Секоја група креира видеоесеј во кој на избраната публика ѝ го илустрираат општественото прашање поврзано со дигиталното претставување на идентитетите | Публикација на видеата и дискусија |
| (30 мин.) | (5 часа) | (30 мин.) |

## Краток опис:

Во оваа фаза, студентите се организираат во групи, според општествените теми што ги избрале (климатски промени, миграции, родова еднаквост, глобализација, попреченост, граѓанско учество, дигитална трансформација). Потоа, од секоја група се бара да избере публика и да создаде видеоесеј во кој ќе го илустрира прашањето за претставување со кое се занимавале пред избраната публика. Фазата завршува со презентации и со дискусија за анализите на студентите пред нивните врсници.

## Конкретни цели:

1. Да се запознаат со жанрот видеоесеј
2. Активно да се запознаат со основните поими на публика
3. Да ја креираат својата порака за целната публика

## Евалуација:

Формативна евалуација (т.е. повратни информации обезбедени во текот на процесот)
Евалуација од колегите (на пр. меѓусебно оценување меѓу студентите)

## Техничка поддршка (Ресурси):

- Интерактивна табла (кога е можно)
- Интернет врска
- Паметни телефони, таблети или компјутери

## Времетраење:

- 6 часа

## Педагошки методи:

Професорот им ги илустрира основните поими за жанрот видеоесеј на студентите. Потоа професорот ги дели студентите во групи (најмногу 4 студенти во група) според темите за социјална правда со кои се занимавале при индивидуалната анализа на видеата на YouTube. Потоа секоја група треба да избере публика и да создаде видеоесеј за да им го објасни прашањето за социјалната правда што го истражувале.

Студентите работат во своите групи за да создадат видеоесеј кој илустрира проблем на социјалната правда за публиката што ја избрале, користејќи ги наставните ресурси што им се дадени. Во видеоесејот, студентите треба да дадат докази за тоа што го кажуваат. Доказите се даваат преку поединечни анализи на видеата на YouTube што ги направиле во фаза 2, кои мора да бидат интегрирани во видеоесејот како доказ.

## Наставни средства и ресурси:

**Тема 3:**

Формулар за видеоесеј (Прилог 3.1):

- Креирање видеоесеј: Табела за планирање на работата (Прилог 3.2)
- Сторибoрд – низа цртежи/слики што имаат за цел да го визуализираат видеото (Прилог 3.3)

## *Прилог 3.1 – Формулар за видеоесеј*

Што е видеоесеј?

Видеоесеј е краткотрајно нефикциско видео (5–10 минути) чијашто комуникативна цел е да прикаже идеја или аргумент. Основен пример за видеоесеј е Пауерпоинт (PowerPoint) презентација со нарација (натсинхронизација).

Кои се главните делови од видеоесејот?

1. Вовед
2. Презентација на темата
3. Презентирање на доказите
4. Дискусија
5. Заклучок

Задолжителни елементи

Видеоесеите за ова сценарио за учење мора да имаат:

- Вовед кој ја прави јасна комуникациската цел на текстот
- Детална презентација на темата каде главниот аргумент е објаснет на начин што е соодветен за целната публика
- Дел за докази каде се присутни сите „гласови“ на членовите на групата и каде што има упатување на личните анализи на видеата на сите членови
- Дискусија за резултатите од анализите во однос на главниот аргумент на есејот
- Завршна порака до публиката со главниот/главните исход/и од дискусијата

## *Прилог 3.2 – Креирање видеоесеј: Лист за планирање на работа*

| ИНФОРМАЦИИ ЗА ВИДЕОЕСЕЈОТ | |
|---|---|
| | |
| НАСЛОВ НА ВИДЕОЕСЕЈОТ | |
| | |
| УЧЕСНИЦИ | |
| | |
| ГЛАВНА ТЕМА | |
| | |
| ФОРМАТ | |
| | |
| ДОЛЖИНА | |
| | |
| СТРУКТУРА | |
| | |
| ИЗВОРИ | |
| | |
| СОФТВЕР ЗА УРЕДУВАЊЕ ВИДЕА | |
| | |
| ЗАДАЧИ НА УЧЕСНИЦИТЕ | |
| | |
| СЦЕНАРИО | |
| | |
| РЕАЛИЗАЦИЈА | |
| | |
| МОНТИРАЊЕ | |
| | |
| ОБЈАВЕНО НА | |

## *Прилог 3.3 – „Сториборд“ – низа цртежи/слики што имаат за цел да го визуализираат видеото*

| НАСЛОВ НА ВИДЕОЕСЕЈОТ | | | |
|---|---|---|---|
| Структура | Пишани ресурси | Визуелни ресурси | Извори |
| ВОВЕД | | | |
| ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ТЕМАТА | | | |
| ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ДОКАЗИТЕ | | | |
| ДИСКУСИЈА | | | |
| ЗАКЛУЧОК | | | |

# ФАЗА 4

# ЗАКЛУЧОК

| Тема 4 – Рефлексија и евалуација | | |
|---|---|---|
| **Вовед** | **Активност** | **Заклучок** |
| Известување за групните активности и видеоесеите | Секој студент прави самооценување на работата што ја сработил/а досега | Дискусија и конечна евалуација |
| (60 мин.) | (30 мин.) | (30 мин.) |

## Краток опис:

Оваа единица се фокусира на процесот на самооценување на студентите, проследен со колективна дискусија за искуството и со финална проценка на активностите од страна на професорот.

## Конкретни цели:

1. Да развијат свест за сопствениот процес на учење
2. Да се фаворизира начинот на кој студентот присвојува знаење при преносот на знаење
3. Да се разбере процесот на оценување

## Евалуација:

Евалуација од колегите  (на пр. меѓусебно оценување меѓу студентите)
Оценување на професорот (т.е. финално оценување)

## Техничка поддршка (Ресурси):

- Интерактивна табла (кога е можно)
- Интернет-врска
- Паметни телефони, таблети или компјутери

## Времетраење:

- 2 часа

## Педагошки методи:

Дискусија (на пр. студенти вклучени во отворена дебата на одредена тема). Од студентите се бара да го пополнат документот со самооценување на нивната работа во фаза 2 и фаза 3. Фазата завршува со колективна дискусија за искуството и со професорот кој го оценува студентот според насоките за оценување и со Матрицата за конечна оценка

## Наставни средства и ресурси:

Тема 4:

- Алатка за рефлексија 2 (Прилог 4.1)
- Алатка за рефлексија 1/Алатка за рефлексија 2/Упатства за оценување на видеоесеј (Прилог 4.2)
- Матрица за финална оценка (Прилог 4.3)

## *Прилог 4.1 – Алатка за рефлексија 2*

| Рефлексија (Размислување) | | |
|---|---|---|
| 1 | Коментар за проблемот со дигиталниот идентитет што вашата група го има земено предвид | |
| 2 | Опишете ги начините на кои сте ја одбрале и сте ја користеле семиотиката, ресурсите за креирање на вашата порака и како сте ја приспособиле пораката на вашата публика | |
| 3 | Објаснете како би ги подобриле вашите одговори на прашањата | |

## *Прилог 4.2 – Насоки за оценување видеоесеј*

### ОЦЕНКА 1

| | **Дел 1 – Генерални информации** | **Референтни прашања** |
|---|---|---|
| 1 | Дали студентот може да идентификува за каков вид текст станува збор? | 1.1/1.2 |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 2 | Дали студентот може да го разбере конотативното ниво на начинот на кој испраќачот го врамил идентитетот? | 1.3/1.4 |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 3 | Дали студентот може да го разбере главниот комуникативен опсег? | 1.5 |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 4 | Дали студентот може да ја идентификува главната целна публика? | 1.6 |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 5 | Дали студентот може да ги идентификува главните претставени учесници? | 1.7 |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 6 | Дали студентот може да го разбере нивото на формалност на пораката за контекстуализација на YouTube? | 1.8/1.9 |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 7 | Дали студентот може да го идентификува присуството или отсуството на коментари? | 1.10 |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| | **Дел 2 – Анализа на видеото** | |
| 1 | Дали студентот може да ја разбере главната содржина на видеото? | 2.1 (Претставување) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 2 | Дали студентот може да ги идентификува симетриите/асиметриите во претставувањето на учесниците? | 2.2 (Ориентација) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 3 | Дали студентот може да ги идентификува главните фази на видеото? | 2.3 (Организација/GRID) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 4 | Дали студентот може да ги идентификува главните проминентни ресурси за секоја фаза и нивните интерсемиотички односи? | 2.3 (Организација/GRID) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 5 | Дали студентот може да ја поврзе текстуалната структура на видеото со претставувањето на содржината на видеото и на учесниците? | 2.1/2.2/2.3 |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |

## ОЦЕНКА 2

| | Дел 3 – Рефлексија / Размислување | Референтни прашања |
|---|---|---|
| 1 | Дали студентот се заангажирал за прашањето на дигитален идентитет на кое работи групата? | 3.1 (Ангажирање) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 2 | Дали студентот покажал креативност во употребата на ресурсите при адаптирање на производот на одбраната публика? | 3.2 (Креативност) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 3 | Дали студентот покажал граѓанска и семиотичка свесност во својот метарефлективен процес? | 3.3 (Разбирање) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |

## ОЦЕНКА ВИДЕОЕСЕЈ

| | Видеоесеј | Референтни прашања |
|---|---|---|
| 1 | Дали е јасен комуникативниот опсег на видеоесејот? | (Разбирање) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 2 | Дали е кохерентна аргументативната структура на видеоесејот? | (Разбирање) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 3 | Дали сите извори (RI) се искористени и интегрирани во аргументацијата? | (Разбирање) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 4 | Дали се искористени семиотичките ресурси на ефективен начин? | (Креативност) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |
| 5 | Дали сите студенти дале свој придонес во групната работа? | (Ангажман) |
| | A ☐ B ☐ C ☐ D ☐ E ☐ F ☐ | |

**A**= Опсег (29/30 - 30/30)

**B**= Опсег (27/30 - 28/30)

**C**= Опсег (24/30 - 26/30)

**D**= Опсег (21/30 - 23/30)

**E**= Опсег (18/30 - 20/30)

**F**= < 18 (не положил/а)

## *Прилог 4.2 – Насоки за оценување видеоесеј*

| | |
|---|---|
| **Бр.** | |
| **Презиме** | |
| **Име** | |
| **Група** | |
| **Фаза 1** | |
| **Фаза 2** | |
| **Фаза 3** | |
| **Оценка 1 (50 %)** | |
| **Оценка 2 (30 %)** | |
| **Видео есеј (20 %)** | |
| **ВКУПНО** | |

## НАСОКИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА УСПЕШНОСТА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА МОДЕЛОТ

Оценувањето дали студентите го разбрале моделот „Поттикнување креативност преку критичка медиумска писменост“ е важно од неколку причини: Оценувањето им помага на професорите/наставниците да проценат колку добро студентите ги сфатиле клучните концепти и вештини поврзани со креативноста преку критичка медиумска писменост.

Проценките откриваат области каде што студентите може да имаат заблуди или празнини во разбирањето. Разбирањето на нивоата на разбирање на студентите им овозможува на професорите/наставниците да ги приспособат своите наставни стратегии. Проценките обезбедуваат исполнување на образовните цели поврзани со критичката медиумска писменост и креативност.

Оценувањето ги држи и професорите/наставниците и студентите одговорни за процесот на учење. Резултатите од оценувањето, исто така, ги информираат професорите/наставниците за нивната сопствена наставна ефективност.

Оценувањето дали студентите го разбрале моделот вклучува повеќеслоен пристап кој комбинира различни методи на оценување, како што се: формативно оценување; дискусии со учениците и размислувања; проценки засновани на проекти; рубрики за креативност и критичко размислување; рецензија и соработка; стандардизирани тестови и квизови; континуирана повратна информација.

Оценувањето на успехот на имплементираниот модел вклучува и сеопфатен пристап кој зема предвид различни индикатори за успех.

Неколку стратегии кои професорите/наставниците можат да ги користат за да ја проценат ефективноста на имплементираниот модел се:

- оценување на резултатите од учењето;
- формативни и сумативни проценки (континуирано следење и сумативни проценки);
- студентска работа;
- набљудувања во училницата преку набљудување на активностите од страна на професорите/наставниците, дискусии и интеракции; оценки за компетенциите за медиумска писменост на студентите и оценки за умешноста на студентите во медиумската продукција.

На долг рок може да се оцени успехот по дипломирањето.

# ЗАКЛУЧОК

Поврзаноста на креативноста и на критичката медиумска писменост се гледа во можноста која ја даваат, од една страна, за подлабоко да се разберат пораките кои се испраќаат преку медиумите, а, од друга страна, да се охрабрат учениците/студентите на еден повнимателен и покреативен начин да се вклучат во медиумите.

Креативноста може да се подобри преку критичката медиумска писменост на неколку начини, и тоа: преку деконструкција на медиумските пораки; свесност за влијанието на медиумите; етички медиумски практики; дигитално раскажување на приказни; колаборативни медиумски проекти; образование за медиумска писменост.

Токму со помош на овој Прирачник за поттикнување креативност преку критичка медиумска писменост, преку реализирањето на наведените активности низ четирите дела (Вовед, Аналитичка фаза, Групна работа и Заклучок) ќе може да се подобри креативноста. Студентите ќе стекнат поголема сигурност во дискусиите за односите помеѓу медиумските текстови/практики и прашањата за социјална правда.

Преку реализирањето на активностите од четирите дела, студентите ќе го разберат односот меѓу медиумите и реалноста и како медиумите тврдат дека ја „кажуваат вистината“ за светот. Истовремено, студентите ќе согледаат дека публиката може да биде разнолика, вклучувајќи ги и социјалните, родовите и културните разлики, дека може да реагираат на различни и непредвидливи начини и зошто тоа може да се случи.

Развивањето на креативноста како вештина преку критичката медиумска писменост е неопходно и од голема важност за студентите од наставничките факултети, посебно денес во времето во кое живееме. Студентите, идни воспитувачи, педагози, наставници неминовно е да се адаптираат на дигиталниот свет во кој живееме. Постојат бројни предизвици кои се појавуваат (со кои се соочува воспитно-образовниот кадар) и кои се доволна причина за да се интегрира креативноста преку критичката медиумска писменост. Тука, се разбира, се и справувањето со дезинформациите, комуникациските вештини и потребата од нивно подобрување, како и исполнувањето на стандардите на наставните програми.

Студентите се идните воспитувачи, наставници, педагози и токму тие треба да учествуваат во развојот и градењето на креативни, информирани и одговорни граѓани. Секако, за да успеат во тоа, најпрвин тие самите треба да ги имаат добро развиено овие вештини и способности.

# ЛИСТА НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ЧИТАЊЕ


- Abduljalil N, H. (2021). An Approach to Creative Media Literacy for World Issues, Journal of Media Literacy Education, 13 (3) p75-85 2021
- Feuerstein, M. (2010). Media Literacy in Support of Critical Thinking: Children Critical Thinking in Multimedia Society, Retrieved from https://www.amazon.com/Media-Literacy-Support-Critical-Thinking/dp/3639240642
- Higdon, N., Butler, A. & Swerzenski, J.D. (2021). Inspiration and motivation: The similarities and differencesInspiration and motivation: The similarities and differences between critical and acritical media literacy between critical and acritical media literacy. Democratic Communiqué, 30(1) https://scholarworks.umass.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1176&context=democratic-communique
- Kellner, D. & Share, J. (2007). Critical media literacy is not an option, Learn Inq (2007) 1:59–69 https://link.springer.com/article/10.1007/s11519-007-0004-2
- Karaduman, A. (2015). The role of critical media literacy in further development of consciousness of citizenship, Procedia - Social and Behavioral Sciences 174 ( 2015 ) 3039 – 3043 https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1877042815011544
- Robertson, L.& Scheidler-Benns, J. (2016). Critical Media Literacy as a Transformative Pedagogy, Literacy Information and Computer Education Journal (LICEJ), 7 (1). https://infonomics-society.org/wp-content/uploads/licej/published-papers/volume-7-2016/Critical-Media-Literacy-as-a-Transformative-Pedagogy.pdf
- Song, A. (2017). Critical Media Literacies in the Twenty-First Century: Writing Autoethnographies, Making Connections, and Creating Virtual Identities. Journal of Media Literacy Education, 9(1), 64-78. https://doi.org/10.23860/JMLE-2017-9-1-5 https://digitalcommons.uri.edu/jmle/vol9/iss1/5/
- THEVENIN, B.J. (2012). Critical media literacy in action: uniting theory, practice, and politics in media education, Faculty of the Graduate School of the University of Colorado. Retrieved from https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=&ved=2ahUKEwiDgub15aODAxXGhP0HHYGaA1U4MhAWegQICRAB&url=https%3A%2F%2Fscholar.colorado.edu%2Fdownloads%2Fs4655g83w&usg=AOvVaw3Ox3CfaiUIASLctBImvhl7&opi=89978449
- Thevenin, B. (2022). Making Media Matter, New York: Routledge. https://www.taylorfrancis.com/books/oa-mono/10.4324/9781003057925/making-media-matter-benjamin-thevenin



Институт за комуникациски студии